Министерство за финансии

**Неделен економски преглед**
08 октомври – 12 октомври 2018 година

- **Стапката на инфлација во септември 2018 година** и кумулативно во периодот јануари – септември 2018 година изнесува 1,5%, при што цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци во септември 2018 година се повисоки за 0,4% на годишно ниво, додека кумулативно во периодот јануари – септември 2018 година се зголемени за 0,9%.
- **Прометот во индустријата во август 2018 година** се зголеми за 10,1%, а кумулативно во периодот јануари – август 2018 година е повисок за 12,1% во однос на истиот период минатата година.
- **Продажните цени на производителите на индустриски производи во август 2018 година** забележаа годишен раст од 0,5%, а кумулативно во периодот јануари - август 2018 година се повисоки за 1,6% во споредба со истиот период минатата година.
- **Бројот на издадени одобренија за градење во август 2018 година** е понизок за 17,2% во однос на истиот месец минатата година.
- **Бројот на туристи во август 2018 година** се зголеми за 12,2% на годишно ниво, а кумулативно во периодот јануари – август е зголемен за 15,0%. Бројот на ноќевања во август 2018 година е повисок за 15,0%, а во периодот јануари – август 2018 година е повисок за 16,1% на годишно ниво.
- **Според најновиот Светски економски преглед на ММФ**, глобалниот раст за 2018 и 2019 година е проектиран на 3,7% и е за 0,2 п.п. понизок во однос на извештајот од април 2018 година. За Македонија проектиран е економски раст од 1,6% за 2018 и 2,6% за 2019 година.
- **Во август 2018 година индустриското производство во ЕУ и еврозоната** забележа годишен раст од 1,2% и 0,9% соодветно.